Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за спорт
Ministria e sporteve

Бр. - Nr 14-1161/2
30.06.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 201__ година
Потпис,

## ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ

ИП1 број 14-~~1162/2~~ 1161/2
Од: 26.06.2026 година
30-06-2026

### Записник за извршен редовен инспекциски надзор

**Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 23.06.2026 година со почеток во 11.00 часот**

Од страна на одделението за инспекциски надзор во спортот преку Советник инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на службена легитимација 27- 0002 изврши инспекциски надзор над работењето на Боречка Федерација на Северна Македонија, со седиште на ул. 1732 бр. 4 Хотел Парк, Скопје, Центар, ЕМБС 4125690 и ЕДБ 4030950161028.

**Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

Месечниот план за работа за месец Јуни 2026 година, во врска со спроведувањето и примената на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), во однос на организирање и спроведување на системот на натпревари, пописот на здружените членки, претставувањето на здружените членки во собранието на федерацијата, избор и последователни мандати на лицето што ја претставува Националната спортска федерација.

**При инспекцискиот надзор се употребени листи за порверка:** ДА НЕ

**Извршено е легитимирање на инспекторот со службена значка и легитимација.**

**При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):**

EGZEMPLARI ARKIVOR

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Врз основа приложената и дополнително доставената потребна документација, како и изјаснувањето на претставникот на Националната спортска федерација, во однос на предметот и опфатот на инспекцискиот надзор, утврдена е следната фактичка состојба:

1. Федерација на боречки спортови на Македонија има решение за вршење дејност спорт број 08-777/2 од 29.03.2010 година, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, со што претставува Национална спортска федерација за Борење, согласно член 14 став 3 од Законот за спортот.
2. Националната спортска федерација, поседува:
   - решение за упис во Централен регистар,
   - статут,
   - попис на здружените членки (регистар на спортски клубови и
   - опис на системот на натпреварите

   што е согласно член 11 став 9 од Законот за спортот.

3. Националната спортска федерација организира национален систем на натпревари во соодветни возрасни категории во машка и женска конкуренција, од кои изготвува биллтен со остварени резултати и ранг-листи на Боречка Федерација на Северна Македонија од официјални натпревари со постигнати спортско технички резултати за соодветната натпреварувачка година.
   Што е согласно, член 10 став 3 алинеја 1 и член 14 став 1 алинеја 4 во однос на член 11 став 2 од Законот за спортот.
4. Националната спортска федерација, води список на репрезентативци ги составува и учествува на меѓународни натпревари со репрезентации во соодветни селекции, што е согласно член 14 став 2 од Законот за спортот.
5. Собранието на Боречка Федерација на Северна Македонија сочинето е согласно член 14-а став 2 од Законот за спортот.
6. Националната спортска федерација ја претставува лице кое е избрано со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на федерацијата, на изборно Собрание на Боречка Федерација на Северна Македонија што е согласно Член 14 став 6 од Законот за спортот.
7. Лицето што ја претставува федерацијата е со втор мандат што е согласно Член 14 став 7 од Законот за спортот.

**При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:**

Во тековната состојба називот на субјектот на надзорот е Боречка Федерација на Северна Македонија, а во Решението за вршење дејност спорт Федерација на боречки спортови на Македонија. Инспекторот констатира неусогласеност на името на федерацијата од тековна состојба со името на федерацијата во Решението за вршење дејност спорт.



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Потребно е субјектот на надзорот да изврши усогласување на името на федерацијата со името кое стои во Решението за вршење дејност спорт.

**Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:**

Согласно горенаведеното во записникот инспекторот за спорт ќе донесе Решение.

**По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор:** ДА НЕ

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:**

_____///_____
_____.

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор)

**Скопје, 26.06.2026 година, Љубомир Лазаревски – Секретар**-----.

ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

_____///_____
_____.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 26.06.2026 година во 12 часот.

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Прилози кон записникот:

- Листа на здружени членки на Боречка Федерација на Северна Македонија.
- Билтен од остварените резултати за 2025.
- Статут.
- Тековна Состојба.

Име, презиме, вид на инспектор, број на службена значка и легитимација, потпис на инспекторот и печат на инспекцијата:

**Васе Ефтимов, Советник инспектор за спорт, број на службена легитимација 27-0002**




EGZEMPLARI AKKIVOR